Правила за наградната игра
"Korpa и Mastercard те носат на Сејшели"

Член 1. Назив и седиште на трговското друштво, односно трговските друштва

Организатор на наградната игра „Korpa и Mastercard те носат на Сејшели" (во понатамошниот текст: Наградната игра) е Корпа ДОО Скопје, со седиште на ул. 1732 бр. 4, ламела Б лево, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, претставувано од управителот Јасна Трпкоски (во понатамошниот текст: Организаторот).

Наградната игра се приредува во согласност со овие правила (во понатамошниот текст: Правилата).

Член 2. Назначување на производите и услугите заради чие рекламирање се приредува наградната игра

Цел на наградната игра е рекламирање на услугите на Корпа ДОО Скопје.

Член 3. Име, опис и времетраење на наградната игра

Називот на Наградната игра е „Korpa и Mastercard те носат на Сејшели".

Наградната игра е наменета за корисниците на апликацијата Korpa кои реализираат Premium нарачки платени со Mastercard картичка. Условите за учество се утврдени во член 8, а постапката за извлекување на добитниците во член 10 од Правилата.

Наградната игра трае од 20.11.2026 година до 20.01.2027 година, вклучително.

Член 4. Опис и содржина на потврдата врз чија основа се стекнува право на учество во наградната игра

Правото на учество се докажува со електронската потврда за успешно реализирана Premium нарачка платена со Mastercard картичка преку апликацијата Korpa, во согласност со условите од член 8.

Електронската потврда содржи идентификациски број (ИД) на нарачката, датум и време на нарачката, нејзината вредност и статусот на реализација. Организаторот ги проверува овие податоци во својата електронска евиденција.

Член 5. Територија на која се приредува наградната игра, односно на која се врши уплатата за учество во наградната игра

Наградната игра ќе се организира и ќе се спроведува на територија на градовите Скопје, Тетово, Охрид и Куманово и ќе биде достапна единствено за регистрираните корисници на Korpa.

Член 6. Податоци за наградите во наградната игра

Во Наградната игра се доделуваат вкупно три награди:

• Два повеќенаменски вредносни ваучери во форма на Korpa кредит, секој во износ од 10.000,00 денари (во понатамошниот текст: Korpa ваучери);
• Една главна награда – ваучер за патување за две лица на Сејшели.

Korpa ваучерите може да се користат исклучиво за купување производи достапни преку апликацијата Korpa.

Патувањето на Сејшели се организира во соработка со туристичката агенција Jungle Tribe. Добитникот избира еден од термините што агенцијата ќе ги понуди за реализација на наградата. Патувањето треба да започне најдоцна до 30.04.2027 година.

Поединечните вредности на наградите и вкупната вредност на наградниот фонд се утврдени во член 7, а начинот и роковите за доделување на наградите во член 12 од Правилата.

Наградите не може да се заменат за пари, други предмети, услуги или противвредности. Учесниците немаат право да бараат награда од друг вид или со поголема вредност од утврдената во Правилата. Не може да се доделат повеќе награди од предвидените во овој член.

Член 7. Поединечна вредност на секоја награда од фондот на награди и вкуп/на вредност на фондот на награди, искажани во денари

Во Наградната игра ќе бидат доделени следниве награди:

Опис	Кол.	Вредност на Наградата без ДДВ	Вредност на Наградата со ДДВ	Вкупна вредност на Наградата без ДДВ	Вкупна вредност на Наградата со ДДВ
Повеќенаменски вредносни ваучери во форма на Korpa кредит	2	10.000,00 ден	10.000,00 ден *	20.000,00 ден	20.000,00 ден*
Главна награда – патување за двајца на Сејшели	1	223.076,00 ден	223.076,00 ден	223.076,00 ден	223.076,00 ден
Вкупен Награден фонд					**243.076,00 ден**

*Данокот на додадена вредност не е пресметан по член 8-в од Законот за данокот на додена вредност

Вкупниот Награден фонд изнесува 243.076,00 денари (двесте четириесет и три илјади и седумдесет и шест денари).

Член 8. Услови за учество во наградната игра

Право на учество има секое физичко лице кое има навршено 18 години, е резидент на Република Северна Македонија, е регистриран корисник на апликацијата Korpa и во периодот утврден во член 3 има најмалку една успешно реализирана Premium нарачка платена со Mastercard картичка.

Под Premium нарачка се подразбира нарачка со вредност од најмалку 350,00 денари, без трошоците за достава и другите надоместоци, направена од корисник со активна Korpa Premium претплата кај Premium партнер, при што растојанието за испорака од партнерот до корисникот не надминува 5 km.

Секоја нарачка што ги исполнува наведените услови претставува едно учество во извлекувањето. Учесникот може да учествува со повеќе нарачки, но може да освои најмногу една награда.

Право на учество немаат:

- Вработените во Korpa, како и членовите на нивното потесно семејство;
- Деловните корисници кои ги користат услугите "Korpa на работа";
- Корисниците – ресторани кои прават самостојно нарачки од своите локали;
- Корисниците кои по сопствено барање се исклучени од системот на Korpa;
- Корисниците кои од било кои причини се исклучени од системот на Korpa, од страна на Korpa.

Член 9. Текот на постапката на приредувањето, односно спроведувањето на наградната игра

По добивањето на потребната дозвола и согласност од Министерството за финансии, Организаторот ќе ги објави Правилата на www.korpa.mk пред почетокот на Наградната игра.

Нарачките што ги исполнуваат условите од член 8 автоматски се евидентираат во системот на Организаторот и се вклучуваат во листата за извлекување. Не е потребна дополнителна пријава за учество.

Добитниците и резервните добитници се извлекуваат по случаен избор, на начин и според постапката утврдени во член 10 од Правилата.

Член 10. Место, време, начин, постапка и контрола на извлекувањето на наградите, односно на определувањето на добивките и добитниците

Извлекувањето ќе се изврши на 25.01.2027 година, во периодот од 12:00 до 16:00 часот, во просториите на Организаторот на ул. 1732 бр. 4, ламела Б лево, 1000 Скопје.

Добитниците и резервните добитници се извлекуваат по случаен избор, со помош на софтвер обезбеден од Организаторот, од листа составена од сите успешно испорачани Premium нарачки платени со Mastercard картичка што ги исполнуваат условите од член 8 и се реализирани во периодот утврден во член 3 од Правилата. Секоја квалификувана нарачка претставува едно учество во извлекувањето.

За извлекувањето се составуваат две одделни листи на нарачки што ги исполнуваат условите за учество во Наградната игра:

- Од првата листа се извлекуваат двајца добитници на Korpa ваучери, секој во износ од 10.000,00 денари, и четворица резервни добитници. Резервните добитници се внесуваат на заедничка резервна листа за двата Korpa ваучери, според редоследот на нивното извлекување.
- Од втората листа се извлекуваат еден добитник на главната награда – ваучер за патување за две лица на Сејшели, и двајца резервни добитници. Резервните добитници се внесуваат на посебна резервна листа за главната награда, според редоследот на нивното извлекување.

Повикувањето на резервните добитници се врши согласно член 11 од Правилата. По извлекувањето на секој добитник или резервен добитник, сите негови преостанати нарачки се исклучуваат од понатамошното извлекување. Едно лице може да биде извлечено само еднаш, како добитник или како резервен добитник.

Резервните добитници се повикуваат според редоследот на соодветната листа, под условите и во роковите утврдени во член 11 од Правилата.

Извлекувањето го контролира Комисија составена од двајца претставници на Организаторот.

За извлекувањето се составува записник, потпишан од членовите на Комисијата, кој ги содржи идентификацискиот број на нарачка, датумот и времето на извлечената нарачка, телефонскиот број на добитникот и наградата за која е извлечен. За резервните добитници се наведуваат истите податоци, како и нивниот редослед на соодветната резервна листа.

Член 11. Начин на објавување на резултатите, рокови и постапување со резервните добитници

Организаторот ќе ги објави добитниците и резервните добитници на веб-страницата www.korpa.mk во рок од три календарски дена од денот на извлекувањето.

За секој добитник и резервен добитник ќе бидат објавени:

- Идентификацискиот број (ИД) на извлечената нарачка
- Првите шест цифри од телефонскиот број поврзан со извлечената нарачка, со прикривање на преостанатите цифри;
- Наградата за која е извлечен, со назнака дали е добитник или резервен добитник, а за резервните добитници и редоследот на соодветната листа.

Организаторот ќе го контактира секој првично извлечен добитник на телефонскиот број поврзан со добитната нарачка во рок од три работни дена од денот на извлекувањето, за да го извести за наградата, потребните документи и постапката за нејзино преземање.

Првично извлечениот добитник е должен, во рок од 15 календарски дена од денот на објавување, да ги приложи документите и да ги достави информациите утврдени во член 12, да го потпише

записникот за доделување на наградата и да ја превземе наградата. Рокот се смета независно од денот на воспоставувањето телефонски контакт.

Добитникот го губи правото на наградата ако:

- Писмено се откаже од нејзиното примање;
- Во утврдениот рок не ги приложи потребните документи, не ги достави потребните информации или не го потпише записникот, односно не ја преземе наградата, од причини што не се предизвикани од Организаторот;
- При проверката се утврди дека не ги исполнува условите за учество во Наградната игра;
- Во текот на Наградната игра побарал бришење на својот кориснички профил во апликацијата Korpa.

Ако првично извлечениот добитник го изгуби правото на наградата, се повикува првиот резервен добитник од соодветната листа утврдена при извлекувањето согласно член 10 од Правилата.

За двата Korpa ваучери се користи заедничка листа од два резервни добитници, според редоследот на нивното извлекување. За секој недоделен Korpa ваучер се повикува првиот резервен добитник од оваа листа. Ако тој го изгуби правото на наградата, се повикува следниот резервен добитник.

За главната награда се користи посебна листа од два резервни добитници. Прво се повикува првиот резервен добитник, а ако тој го изгуби правото на наградата, се повикува вториот.

Организаторот ќе го контактира соодветниот резервен добитник по телефон во рок од три календарски дена од денот кога е утврдено дека претходниот добитник го изгубил правото на наградата. За повикувањето на резервниот добитник нема да се објавува нов список или дополнително известување на веб-страницата.

Резервниот добитник има рок од 15 календарски дена од денот на воспоставувањето телефонски контакт и известувањето за правото на наградата да го оствари тоа право. Организаторот го евидентира датумот на известувањето.

За резервните добитници важат истите услови и рокови за доделување на наградите како за првично извлечените добитници, освен почетокот на рокот за остварување на правото на наградата, кој се смета од денот на телефонското известување. Секој добитник, вклучувајќи ги и резервните добитници, може да освои најмногу една награда.

Член 12. Начин на доделување на наградите

Наградите се доделуваат по проверка на исполнувањето на условите за учество и потпишување записник за доделување на наградата меѓу добитникот и овластениот претставник на Организаторот.

За таа цел, добитникот е должен да ги достави информациите неопходни за доделување на наградата и во просториите на Организаторот да приложи:

- Важечки документ за лична идентификација;
- Електронска потврда за нарачката со идентификациски број (ИД) врз чија основа е извлечен како добитник.

Korpa ваучерите се доделуваат по електронски пат на корисничките профили на добитниците во апликацијата Korpa. Ваучерите може да се користат исклучиво за купување производи достапни преку апликацијата Korpa.

Главната награда се доделува со врачување ваучер за патување за две лица на Сејшели во просториите на Организаторот. Со записникот се потврдува приемот на ваучерот од страна на добитникот.

Ваучерот за патување содржи опис на аранжманот, вклучените услуги, условите за користење и контакт-податоците на туристичката агенција Jungle Tribe, како и упатување на рокот за реализација утврден во Правилата.

По приемот на ваучерот, добитникот го договара терминот и деталите за патувањето директно со агенцијата, избирајќи еден од понудените термини во согласност со член 6 од Правилата.

Член 13. Начин на запознавање на учесниците во наградната играта со правилата на играта

Правилата на Наградната игра ќе бидат објавени на веб страницата www.korpa.mk, пред почетокот на наградната игра, а по добивање на согласност од Министерство за финансии.
Учесникот разбира и се согласува дека учествува во Наградната игра по своја сопствена волја и на свој сопствен ризик.

Организаторот нема никаква одговорност пред учесниците чиј телефонски број или Mastercard картичка биле искористени за учество во наградната игра од страна на трето лице.
Организаторот не дава гаранција на кој било учесник дека ќе биде добитник на награда без оглед на бројот на извршени Premium нарачки платени со Mastercard картичка.

Организаторот не одговара во случај кога наградата не може да биде доделена или искористена поради:

- Неможност добитникот или негов претставник да се јави и да ја добие наградата во определените рокови;
- Околности предизвикани од виша сила, нормативни или законски ограничувања или секакви други околности кои се надвор од негова контрола.

Наградната игра може да биде откажана во случај на виша сила само со поднесување на образложено барање до Министерството за финансии и по добивање на одобрение од Министерството за финансии.

Член 14. Рок во кој незадоволниот учесник во наградната игра има право да поднесе приговор против приредувачот на наградната игра

Во случај на несогласување, учесникот може да поднесе приговор до Корпа, во рок од 5 (пет) дена од денот на објавувањето на добитниците на наградите и тоа на адреса на деловните простории на Корпа.

Корпа е должна да одлучи по приговорот во рок од 5 (пет) дена од денот на приемот на приговорот и за тоа писмено да го извести учесникот.
Евентуалните недоразбирања ќе се решаваат во духот на добрите обичаи и спогодбено, а во случај на спор, тој ќе биде решен во согласност со важечките закони на Република Северна Македонија и пред надлежните судови во Скопје.

Член 15. Забрана за учество во наградната игра на вработените кај приредувачот на наградната игра, како и членовите на нивните потесни семејства

Право на учество во Наградната игра немаат вработените кај Организаторот и членовите на нивните потесни семејства.

Потпишано за и во име на Корпа ДОО

Скопје, 19.10.2026

КОРПА ДОО

Управител